Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ
Бр. 08-117/1
30.1. 2025 година
СКОПЈЕ

**Република Северна Македонија**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**
**Факултет за музичка уметност – Скопје**

Питу Гули бр. 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
http://fmu.ukim.edu.mk/
тел. +389 (0)2 3134 345 email: fmu@fmu.ukim.edu.mk

Врз основа на член 2 од Договорот за три стипендии за втор циклус студии по една стипендија сукцесивно во период од четири академски години, започнувајќи од академската 2023/2024 година заклучно со академска 2026/2027 година, Факултетот за музичка уметност – Скопје, објавува

## ИНТЕРЕН ОГЛАС

за обезбедена стипендија „Атанас Бадев" за втор циклус студии на Факултетот за музичка уметност – Скопје, со потесна област на истражување во рамки на Етномузикологијата, за академската 2024/2025 година за двата уписни рока

1. Со овој оглас се објавува обезбедена стипендија „Атанас Бадев" за втор циклус студии на Факултетот за музичка уметност – Скопје, со потесна област на истражување во рамки на Етномузикологијата, за академската 2024/2025 година.

2. Право на учество на огласот има секој студент кој ќе се пријави за запишување на втор циклус студии за учебната 2024/2025 година, во двата уписни рока, на Факултетот за музичка уметност – Скопје, (во натамошниот текст – апликант).

3. За спроведување на постапката за селекција на апликантите по овој оглас, Давателот на стипендијата има формирано комисија и истата ќе работи како независно тело.

4. Апликантите, најдоцна до 7.2.2025 година, до Одделението за студентски прашања со назнака за Интерниот оглас за стипендија за втор циклус студии со потесна област на истражување во рамки на Етномузикологијата, треба да достават:

- Документи за пријава за втор циклус студии, постдипломски студии, согласно конкурсот за запишување на втор циклус студии, постдипломски студии,
- Предлог тема на нивното истражување (кусо образложение на истата максимум 300 зборови).

5. Во постапката за избор на студент за обезбедување на стипендијата „Атанас Бадев" за втор циклус студии на Факултетот за музичка уметност – Скопје, со потесна област на истражување во рамки на Етномузикологијата, за академската 2024/2025 година, од двата уписни рока, Комисијата ќе изврши евалуација и проверка на веродостојноста на поднесената документација од сите пријавени апликанти од двата

уписни рока. Комисијата самостојно врши евалиација и креира ранг - листа. Ранг – листата се објавува на интернет страницата на Факултетот за музичка уметност – Скопје.

6. Вкупниот износ за стипендијата „Атанас Бадев“ за втор циклус студии на Факултетот за музичка уметност – Скопје, со потесна област на истражување во рамки на Етномузикологијата, за академската 2024/2025 година, изнесува 2.300 евра и за начинот на нејзино користење ќе се потпише посебен договор помеѓу избраниот корисник на стипендијата и Факултетот за музичка уметност – Скопје.

Факултет за музичка уметност – Скопје
Декан
Проф. м-р Дарија Андовска